**Техничка и интегрирана заштита на личните податоци – градење инклузивен дигитален екосистем**
**Обука за заштита на лични податоци за претставници на граѓански организации и медиуми**
**Време и место на одржување: 25.04; 26.04; 27.04 и 28.04.2023, ZOOM Платформа**
**Обучувачи: Мартин Лазаревски консултант и Јана Дамевска, експерти за заштита на лични податоци**

# АГЕНДА

**Цел(и) на обуката**:

- Да ги унапредат познавањата на учесниците на правната рамка за заштита на лични податоци и
- Да ги зајакнат капацитетите на учесниците за превенција и надминување на потенцијални ризици по заштитата на личните податоци на граѓаните, вклучително и при користење електронски јавни услуги.

**Целни групи**

- Претставници на граѓански организации и медиуми

**Очекувани резултати**

- Учесниците имаат подобро разбирање за начелата на регулативата за заштита на лични податоци, правата и обврските на контролорите и субјектите на лични податоци;
- Учесниците имаат унапредени вештини за усогласување на својата работа и интерни процедури со Законот за заштита на личните податоци;
- Учесниците знаат како да ги информираат граѓаните за правата кои ги имаат како субјекти на лични податоци и
- Учесниците имаат зајакнати капацитети за застапување за поголема заштита на личните податоци на граѓаните од страна на контролорите на лични податоци.

**Методологија и алатки**

Обучувачите ќе направат комбинација од повеќе наставни методи соодветни на темата што се обработува, како и на динамиката на групата. Методите кои ќе се применат во обуката, вклучуваат:

- Кратки предавања со презентација;
- Индивидуална работа;
- Работа во парови и мали групи;
- Презентации на учесниците;
- Анализа на реални случаи и судска практика;
- Прашања и одговори.

Проектот е кофинансиран
од Европската унија.

Спроведуван од Фондација Метаморфозис во партнерство со Конект

| датум | Ден 1-25.04.2023, вторник | | | |
|---|---|---|---|---|
| време | Наслов на сесијата | Краток опис на сесијата | Обучувачи | Материјали |
| 12:30 – 13:00 | Регистрација на учесници и утврдување на предзнаењата | Оваа сесија ќе биде посветена на регистрација и запознавање на учесниците и обучувачите. Исто така, ќе се направи и проценка на предзнаењата на учесниците на темата заштита на лични податоци. | Мартин Лазаревски и Јана Дамевска | Закон за заштита на личните податоци |
| 13:00 – 13:45 | Вовед, дефиниции и регулатива за заштита на личните податоци | Оваа сесија ќе започне со brainstorming и ќе понуди воведен преглед во актуелната регулатива за заштита на личните податоци на национално ниво и на ниво на ЕУ. Сесијата ќе дефинира што е личен податок, што е субјект, што е контролор, а што обработувач на лични податоци. | Мартин Лазаревски и Јана Дамевска | Закон за заштита на личните податоци |
| 13:45 – 14:15 | Пауза | | | |
| 14:15-15:30 | Начела за обработка на лични податоци | Оваа сесија ќе овозможи подобро запознавање на учесниците со начелата на кои се темели Законот за заштита на личните податоци и нивната практична примена. | Мартин Лазаревски и Јана Дамевска | Закон за заштита на личните податоци |
| 15:30 – 16:00 | Дискусија, Q&A | Во оваа сесија ќе се сумираат темите кои биле обработувани на претходните сесии. Учесниците ќе имаат можност да добијат дополнителни појаснувања, како и да споделат примери и потенцијални предизвици. | Мартин Лазаревски и Јана Дамевска | Закон за заштита на личните податоци |
| датум | Ден 2-26.04.2023, среда | | | |
| време | Наслов на сесијата | Краток опис на сесијата | Обучувачи | Материјали |
| 12:30 – 13:30 | Права на субјектите на лични податоци | Во оваа сесија учесниците ќе добијат појаснување на правата што ги имаат | Мартин Лазаревски и Јана Дамевска | Закон за заштита на личните податоци |

Проектот е кофинансиран
од Европската унија.

Спроведуван од Фондација Метаморфозис во партнерство со Конект

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | физичките лица како субјекти на лични податоци според актуелната регулатива. Исто така, учесниците и ќе се стекнат со знаења коишто ќе можат да ги споделуваат со физичките лица во однос на индивидуалната заштита на личните податоци. | | |
| 13:30 – 13:45 | Пауза | | | |
| 13:45 – 14:30 | Однос помеѓу контролор и обработувач | Во оваа сесија ќе стане збор за избор на соодветен обработувач, односот помеѓу контролорот и обработувачот, правата и обврските што ги уредува Законот за лични податоци за секој од нив. | Мартин Лазаревски и Јана Дамевска | Закон за заштита на личните податоци |
| 14:30 – 15:30 | Офицер за заштита на лични податоци | Во оваа сесија ќе стане збор за улогата и функцијата на офицерот за заштита на лични податоци и ќе се даде одговор на следните прашања: кои организации/институции треба да назначат офицер за заштита на лични податоци и кој може да биде офицер за заштита на лични податоци и кои му се обврските и одговорностите? | Мартин Лазаревски и Јана Дамевска | Закон за заштита на личните податоци |
| 15:30 – 16:00 | Дискусија, Q&A | Во оваа сесија ќе се сумираат темите кои биле обработувани на претходните сесии. Учесниците ќе имаат можност да добијат дополнителни појаснувања, како и да споделат примери и потенцијални предизвици. | Мартин Лазаревски и Јана Дамевска | Закон за заштита на личните податоци |
| датум | Ден 3-27.04.2023, четврток | | | |
| време | Наслов на сесијата | Краток опис на сесијата | Обучувачи | Материјали |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12:30 – 13:00 | Евиденција на активности на обработка на личните податоци | Во оваа сесија ќе бидат обработена обврската за евиденција на активностите за обработка на лични податоци кои ги имаат контролорите и учесниците ќе имаат можност да пополнуваат евиденција со примери од нивните работни обврски | Мартин Лазаревски и Јана Дамевска | Закон за заштита на личните податоци |
| 13:00 – 14:00 | Проценка на ризик | Во оваа сесија ќе биде обработувана постапката на проценка на ризикот по личните податоци на субјектите и ќе се објаснат и анализираат ситуации во кои е потребно да се направи ваква проценка. Исто така, во оваа сесија ќе се обработи и Проценката на влијанието врз заштитата на личните податоци. | Мартин Лазаревски и Јана Дамевска | Закон за заштита на личните податоци |
| 14:00 – 14:30 | Пауза | | | |
| 14:30 – 15:30 | Безбедност на личните податоци | Во овој дел ќе бидат објаснети техничките и организациските мерки што треба да ги преземат контролорите за да осигурaат безбедност на личните податоци кои ги обработуваат. | Мартин Лазаревски и Јана Дамевска | Закон за заштита на личните податоци и Правилник за безбедност на обработка на лични податоци |
| 15:30 – 16:00 | Дискусија и Q&A | Во оваа сесија ќе се сумираат темите кои биле обработувани на претходните сесии. Учесниците ќе имаат можност да добијат дополнителни појаснувања, како и да споделат примери и потенцијални предизвици. | Мартин Лазаревски и Јана Дамевска | Закон за заштита на личните податоци |
| датум | Ден 4-28.04.2023, петок | | | |
| време | Наслов на сесијата | Краток опис на сесијата | Обучувачи | Материјали |

Проектот е кофинансиран
од Европската унија.

Спроведуван од Фондација Метаморфозис во партнерство со Конект

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12:30 – 14:00 | Специфични обработки на лични податоци | Во оваа сесија ќе бидат анализирани примери на специфични обработки на лични податоци (видео надзор, колачиња итн.). | Мартин Лазаревски и Јана Дамевска | Закон за заштита на личните податоци Правилник за содржината и формата на актот за вршење на видео надзор |
| 14:00 – 14:30 | Пауза | | | |
| 14:30 – 15:30 | Заштитата на личните податоци во граѓанските организации | Во оваа сесија ќе бидат разгледувани обврските на граѓанските организации како контролори на лични податоци. Учесниците ќе имаат можност да спроведат вежба. | Мартин Лазаревски и Јана Дамевска | Закон за заштита на личните податоци |
| 15:30 – 16:00 | Дискусија, Q&A и сумирање на научените лекции | Во оваа сесија ќе се сумираат темите кои биле обработувани на целата обука. Учесниците ќе имаат можност да добијат дополнителни појаснувања, како и да споделат примери и потенцијални предизвици. | Мартин Лазаревски и Јана Дамевска | Закон за заштита на личните податоци |

Проектот е кофинансиран
од Европската унија.

Спроведуван од Фондација Метаморфозис во партнерство со Конект